

# Прирачник за верификација на посебни програми за образование на возрасни

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

U N
D P
Unitet Nations
Development Programme

*декември 2011*

# Содржина


1. **Цел на прирачникот . . . . . 3**
2. **Закони и подзаконски акти . . . . . 3**
3. **Процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасни . . . . . 5**
   - 3.1. Поднесување барање за верификација на посебни програми за образование на возрасни . . . . . 5
   - 3.2. Евалуација на посебната програма за образование на возрасни . . . . . 6
   - 3.3. Донесување решение за верификација на посебна програма за образование на возрасни . . . . . 7
     - 3.3.1. Мониторинг од страна на ЈУ Центарот за образование на возрасни и повлекување на решение за верификација на посебна програма . . . . . 7
     - 3.3.2. Известување на установата/институцијата за образование на возрасни . . . . . 8
4. **Реализација на верификуваните посебни програми за образование на возрасни . . . . . 9**
5. **Процесот на аплицирање и пополнување на барањето за верификација и на моделот на посебна програма за образование на возрасни . . . . . 9**
   - 5.1. Модел на посебна програма за образование на возрасни . . . . . 10
6. **Прилози. . . . . 14**
   - 6.1. Прилог 1: Дефиниции на поими . . . . . 14
   - 6.2. Прилог 2: Модел на посебна програма за образование на возрасни . . . . . 17


ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

U N D P
Unitet Nations Development Programme

# 1. Цел на прирачникот

Целта на прирачникот за верификација на посебните програми за образование на возрасни е да им помогне, насочи и да ги поддржи установите и институциите за образование на возрасни во процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасни кои водат кон стручни квалификации. Во првата фаза на верификација ќе се верифицираат само посебни програми за образование на возрасни кои водат кон стручни квалификации, а во втората фаза ќе бидат опфатени и посебни програми за образование на возрасни кои водат кон одредени компетенции. Во понатамошниот текст ќе се употребува само терминот посебни програми за образование на возрасни, а ќе се однесува на посебни програми за возрасни кои водат кон одредени стручни квалификации. Прирачникот, барањето за верификација, како и другите потребни документи за верификација на посебните програми за образование на возрасни можат да се најдат на официјалната интернет страница на ЈУ Центар за образование на возрасни: www.cov.gov.mk. Сите дополнителни прашања за верификација на посебните програми може да се испратат на следната адреса: contact@cov.gov.mk.

# 2. Закони и подзаконски акти

За верификација на посебните програми за образование на возрасни важи:

- Законот за образование на возрасни (Службен весник на Р. Македонија бр.7/08, 17/11, 51/11);
- Правилникот за содржината и формата на документацијата и евиденцијата која ја водат установите и институциите за образование на возрасните;
- Правилникот за називот, содржината и формата на сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите стекнати од посебните програми за образование на возрасни;
- Правилникот за начинот и формата за водење на централниот регистар и општинскиот регистар за институциите и установите кои реализираат програми за образование на возрасните (Службен весник на Р Македонија бр. 37/10);
- Правилникот за начинот на верификација на посебните програми за образование на возрасните (интерен акт, донесен од управен одбор);
- Правилникот за содржината, формата и постапката на потпишувањето на договорот за следење на програмата за образование на возрасните (донесен од директорот на Центарот за образование на возрасни);
- Правилникот за стандардите, просторот и опремата на установите и институциите за образование на возрасните (донесен од министерот за образование и наука), како и одредбите од Законот за основното образование, Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, Законот за високо образование и одредбите од подзаконските акти кои ги уредуваат стандардите за простор и опрема за основното, средното и високото образование и Нормативите за наставни средства и помагала за струките во средното четиригодишно стручно образование.

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

Посебни програми за образование на возрасни според член 18 од Законот за образование за возрасни (Службен весник на Р Македонија бр.7/08) се програми за:

- описменување на населението,
- мајчин јазик и странски јазици,
- преквалификација,
- доквалификација,
- претприемништво и менаџмент,
- информациско-комуникациски технологии,
- креативно изразување и учество во културни и уметнички настани,
- зачувување и заштита на околината,
- посебни социјални вештини,
- активно граѓанство,
- основни познавања од науката и технологијата, и
- други знаења, вештини и способности.

Центарот за образование на возрасни ќе верификува посебни програми за образование на возрасни кои водат до стручни квалификации во согласност со Националната класификација на занимања од 2011 година (поставена на интернет станицата на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk) во следните области/струки:

- Економско-правна и трговска струка
- Здравствена струка
- Текстилно-кожарска струка
- Графичка струка
- Електротехничка струка
- Лични услуги
- Угостителско-туристичка струка
- Шумарско-дрвопреработувачка струка
- Градежно-геодетска струка
- Земјоделско-ветеринарна струка
- Сообраќајна струка
- Спортска гимназија
- Геолошко-рударска и металуршка струка
- Хемиско-технолошка струка
- Машинска струка

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

# 3. Процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасни

Постојат четири клучни фази во процесот на верификација, и тоа:

- Поднесување барање за верификација;
- Евалуација на посебната програма;
- Донесување решение за верификација на посебна програма за образование на возрасни и
- Мониторинг.

## 3.1. Поднесување барање за верификација на посебни програми за образование на возрасни

Установите и институциите за образование на возрасни кои сакаат да реализираат верифицирани посебни програми за образование на возрасни треба претходно да се запознаат со процедурата за верификација преку овој прирачник и модел програмата за посебни програми за образование на возрасни, кои се поставени на официјалната интернет страница на Центарот за образование на возрасни: www.cov.gov.mk.

Установата/институцијата за образование на возрасни за верификација на посебна програма за образование на возрасни треба до Центарот за образование на возрасни лично или по пошта да ги достави следните документи:

- Пополнето барање за верификација на посебна програма, кое е поставено на интернет страницата на Центарот за образование на возрасни;
- Документ за регистрирана дејност, издаден од Централен регистар на Р Македонија;
- Посебната програма во три копии, изработена во согласност со моделот на посебна програма за образование на возрасни, кој е поставен на интернет страницата на Центарот за образование на возрасни.
- Уплатница за извршена уплата на надомест за верификација на посебната програма, на сметка на Центарот за образование на возрасни, согласно ценовникот за верификација на посебните програми за образование на возрасни, кој го донесува управниот одбор и е поставен на интернет страницата на Центарот за образование на возрасни.

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

U N D P
Unitet Nations Development Programme

По приемот на документацијата за верификација на посебна програма ЈУ Центар за образование на возрасни ги разгледува доставените документи и проверува дали истите се комплетни, дали се употребени формуларите на Центарот за образование на возрасни за верификација на посебните програми и врз основа на тоа донесува одлука дали документите ќе бидат дадени на Комисијата за верификација или ќе ѝ бидат вратени на установата/институцијата за образование на возрасни. Доколку документите не се целосни, односно не се комплетни, се известува установата/институцијата за образование на возрасни да ја достави дополнителната потребна документација. Установата/институцијата треба во рок од 8 дена да изврши комплетирање на документите и да ги испрати до Центарот за образование на возрасни.

Во рок од 30 дена, од денот на доставувањето на комплетираната документација до Центарот за образование на возрасни, тој врши разгледување и евалуација на поднесената посебна програма за образование на возрасни.

## 3.2. Евалуација на посебната програма за образование на возрасни

По приемот на документите и првичното разгледување од страна на ЈУ Центарот за образование на возрасни документите ѝ се предаваат на Комисијата за верификација, која според правилникот за начинот на верификација на посебните програми за образование на возрасните ја сочинуваат минимум три члена: еден член од Центарот за образование на возрасни, еден член од Центарот за стручно образование и обука, училиште, универзитет и едно стручно лице од областа на поднесената програма. Претседател на Комисијата е членот од Центарот за образование на возрасни. Во рок од 30 дена по доставувањето на сите потребни документи Комисијата ја разгледува и евалуира поднесената програма.

Во оваа фаза ЈУ Центарот за образование на возрасни може да бара од установата/институцијата за образование на возрасни дополнителни информации за установата/институцијата реализатор на програмата и за програмата доставена на верификација. Установата/Институцијата за образование на возрасни е должна да ги достави сите барани информации до ЈУ Центарот за образование на возрасни во рокот наведен од страна на ЈУ Центарот за образование на возрасни.

## 3.3. Донесување решение за верификација на посебна програма за образование на возрасни

Врз основа на спроведената евалуација на посебната програма и проверка на другата документација претседателот на Комисијата за верификација доставува извештај до директорот на Центарот со кој предлага решение по однос на барањето за верификација на посебната програма со кое може:

- целосно да го прифати барањето и поднесената програма;
- целосно да го одбие барањето и поднесената програма.

Решение по однос на поднесеното барање за верификација на посебната програма донесува директорот на Центарот за образование на возрасни.

Решението за верификација на посебната програма за образование на возрасни се издава за времетраење од 3 (три) години. По добивање на решението за верификација на посебната програма понудувачот на услуги може да ја почне процедурата за лиценцирање на установата/институцијата за образование на возрасни и по добивањето на лиценцата од Министерството за образование и наука стекнува право да врши упис на учесници и да почне со реализирањето на програмата. Решението за верификација на посебната програма за образование на возрасни го доставува Центарот за образование на возрасни до Министерството за образование и наука.

На установите/институциите за образование на возрасни чие барање за верификација на посебни програми било одбиено им се доставуваат од страна на Центарот за образование на возрасни подетални објаснувања за причините за одбивањето на верификација на посебната програма.

Посебните програми кои се верификувани се запишуваат во Регистарот на донесени програми за образование на возрасни, кој го води Центарот за образование на возрасни. Регистарот на донесени програми за образование на возрасни се објавува на официјалната интернет страница на Центарот за образование на возрасни.

### 3.3.1. Мониторинг од страна на ЈУ Центарот за образование на возрасни и повлекување на решение за верификација на посебна програма

ЈУ Центарот за образование на возрасни врши мониторинг и надворешна евалуација на реализацијата на верифицираната посебна програма за образование на возрасни. Надворешната евалуација ќе се спроведува според дефинирани критериуми на Центарот за образование на возрасни и ќе се спроведува од овластени лица од страна на Центарот за образование на возрасни.

Мониторинг-извештаите за реализацијата на верифицираните програми за образование на возрасни ги подготвува Центарот за образование на возрасни. Тие се темелат на извештаите од извршената надворешна и внатрешна евалуација и посетите од страна на Центарот за образование на возрасни во просториите на установата/институцијата за образование на возрасни.

Директорот на Центарот за образование на возрасни врз основа на добиени информации, мониторинг извештаи и извештаи од внатрешна и надворешна евалуација на реализацијата на верификуваните посебни програми може да донесе решение за повлекување/одземање на верификацијата за посебната програма за образование на возрасни. Центарот за образование на возрасни треба да ѝ достави на установата/институцијата подетални објаснувања за причините за предвремено повлекување на решението за верификација на посебната програма.

Два месеци пред истекување на верификацијата на посебната програма за образование на возрасни установата/институцијата за образование на возрасни доставува до Центарот за образование на возрасни барање за ре-верификација на посебната програма за образование на возрасни, кое може да се најде на интернет страницата на Центарот за образование на возрасни, и уплатница за извршена уплата на надомест за ре-верификација на посебната програма, на сметка на Центарот за образование на возрасни, согласно ценовникот за ре-верификација на посебните програми за образование на возрасни, кој го донесува управниот одбор. Центарот за образование на возрасни, доколку нема забелешки на доставеното барање, донесува решение за верификација на посебната програма за образование на возрасни за наредните 3 (три) години.

### 3.3.2. Известување на установата/институцијата за образование на возрасни

Установата/институцијата за образование на возрасни по добивање решение за верификација на посебна програма за образование на возрасни е должна до ЈУ Центарот за образование на возрасни да доставува годишен извештај за реализацијата и евалуацијата на програмата. За настанати промени во реализацијата на посебната програма за образование на возрасни и целите на програмата поголеми од 20% установата/институцијата за образование на возрасни треба да го информира Центарот за образование на возрасни во рок од 15 дена

## 4. Реализација на верифицираните посебни програми за образование на возрасни

Установите/институциите за образование на возрасни се одговорни за развој и за реализација на посебните програми за образование на возрасни. Установите/институциите се одговорни за обезбедување на квалитетот и спроведување на пропишаните стандарди за верифицираните посебни програми за образование на возрасни од страна на Министерството за образование и наука на Р Македонија, Центарот за образование за возрасни и Центарот за стручно образование и обука. Програмите треба да се развиени според потребите на одредена целна група и да им овозможуваат на учесниците стекнување на предвидените знаења, вештини и компетенции. По добивање на решение за верифицирана програма за образование на возрасни установата/институцијата може јавно да информира дека програмата е верифицирана согласно прописите и стандардите на Министерството за образование и наука, Центарот за образование на возрасни и Центарот за стручно образование и обука.

## 5. Процесот на аплицирање и пополнување на барањето за верификација и на моделот на посебна програма за образование на возрасни

Пред да го почнат процесот на верификација установите/институциите за образование на возрасни треба да се запознаат со процедурите и критериумите за верификација на посебните програми и да проверат дали ги исполнуваат критериумите и стандардите за спроведување на верифицирани посебни програми за образование на возрасни пропишани од страна на Министерството за образование и наука на Р Македонија, Центарот за образование за возрасни и Центарот за стручно образование и обука.

При пополнување на барањето за верификација и на моделот на посебна програма за образование на возрасни треба да се користи разбирлив јазик, а употребените стручни термини да се објаснат прецизно.

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

## 5.1. Модел на посебна програма за образование на возрасни

Сите елементи на моделот на посебна програма за образование на возрасни се пополнуваат, а незадолжителните делови се означени со ѕвездичка *.

Моделот на посебна програма за образование на возрасни (во понатамошниот текст модел програма) содржи:

*Општи информации за установата/институцијата и податоци за контакт (точка 1-6)*

1) **Датум на аплицирање**: датумот, кога официјално е аплицирано во Центарот за образование за возрасни за верификација на посебната програма
2) **Назив на апликантот** (установата/институцијата за образование на возрасни)
3) **Број на лиценца на установата/институцијата за образование на возрасни (доколку установата/институцијата има лиценца од Министерството за образование и наука на Р Македонија)**
4) **Име и презиме на директорот**: Да се напише името и презимето на директорот (официјалниот застапникот) на установата/институцијата за образование на возрасни
5) **Податоци за контакт**: Адресата, телефонот и адресата на е-пошта на установата/институцијата за образование на возрасни
6) **Податоци за координаторот на програмата**: името и презимето, работната позиција, квалификација, телефон за контакт и адреса на е-пошта на координаторот на програмата; Координаторот на програмата треба да е лице кое е најупатено за давање детални податоци за програмата на Центарот за образование на возрасни

*Информации за посебната програма за образование на возрасни и нејзино спроведување (точка 7-24)*

7) **Назив на програмата.** Да се напише називот на програмата за која барате верификација. Се препорачува називот на програмата да биде кохерентен, да го одразува нивото и содржината на програмата, но и да биде во согласност со насловот на сертификатот.
8) **Опис на програмата.** Да се напише краток опис на програмата: главна цел на програмата, начин на реализација, до каков сертификат треба да води, модули на програмата (доколку има), времетраење, напредување од програмата во други нивоа/видови на образование, како и препознатливост на квалификацијата на пазарот на труд.
9) **Профил на учесникот на програмата**. Се даваат информации за профилот на учесници кои се очекува да учествуваат во програмата. Да се наведе што е можно попрецизно какви знаења, вештини и компетенции треба да поседуваат потенцијалните учесници во програмата, нивното ниво на образование и возраст.
10) **Планиран број на учесници во програмата**. Бројот на планирани учесници во програмата треба да е во согласност со просторно-техничките, кадровските и дидактичките услови на установата/институцијата. Во модел програмата се наведува планираниот број на учесници во програмата.
11) **Цели на програмата**. Треба да се дефинираат реални и остварливи цели, кои ја рефлектираат програмата. Целите мора да се базираат на одредени стандарди кои треба да се постигнат по завршување на програмата.

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

U N D P
Unitet Nations Development Programme

Целите на програмата треба исто така да се поврзани со исказите во сертификатот, да ги одразуваат знаењата, вештините и компетенциите кои треба да се постигнат, треба да се мерливи и да може да се провери нивното достигнување во процесот на евалуација (внатрешна и надворешна) на програмата и да ги одразуваат потребите на учесниците.

12) **Образовни резултати од програмата.** Во модел програмата треба да се наведат образовните резултати. Образовните резултати се искази со кои се изразува што треба учесникот да знае, разбира и/или да биде во состојба да демонстрира по завршување на програмата. При формулирање на образовните резултати важно е да се изрази посакуваната активност на учесникот со која ќе го демонстрира усвоеното знаење или вештина. Се работи за активности кои ќе се мерат, односно следат и врз основа на кои наставникот/обучувачот ќе го оцени постигнувањето на учесникот. При формулациите користете јасни, конкретни и мерливи активности-образовни резултати. Прецизни глаголи за формулирање на образовните резултати се: анализира, опишува, дефинира, направи, споредува, разликува, аргументира и сл.

    *Пример*: По завршување на програмата учесникот ќе биде способен да го направи следното: ....

13) **Критериуми за влез во програмата**. Критериумите за влез треба да се во согласност со процедурите за осигурување квалитет на установата/институцијата за образование на возрасни и да се во согласност со нивото на програмата, содржината, целите на наставата, но да не претставуваат непотребни бариери за влез во програмата.

14) **Времетраење на програмата.** Да се наведе вкупниот број часови на програмата, бројот на часови неделно, како и целокупното траење на програмата во месеци/години. Доколку програмата е модуларна, да се наведе времетраењето на секој модул поединечно. Времетраењето на програмата треба да одговара на структурата и содржината на програмата, профилот на учесниците (дали одредената целна група ќе има доволно време за успешно завршување на програмата), методите на спроведување и евалуација и образовните излези предвидени со програмата.

15) **Форми на спроведување на програмата**. Формите на спроведување се однесуваат на тоа како програмата ќе биде спроведена. Од понудените опции треба да се избере една или повеќе: настава во училница/кабинет, практична настава, настава на далечина, електронско учење или друг начин на спроведување. Формите на спроведување треба да одговараат на профилот на учесникот, образовните резултати од програмата, искуството и квалификациите на наставниот кадар.

16) **Методи во наставата.** Да се набројат главните методи кои ќе се употребуваат во процесот на спроведување на наставата. Може да се одберат неколку од понудените опции или да се допишат други: насочена настава во училница, дискусии во група, практична настава во работилница/кабинет, симулирана работна средина, индивидуална настава, самонасочено учење, учење насочено кон решавање проблеми, посети/студиски патувања, обука на работно место и други видови методи во наставата. Избраните методи треба да се во согласност со потребите на учесниците, нивото и содржината на програмата и начинот на спроведување.

17) **Структура на програмата.** Структурата на програмата ја развива установата/институцијата за образование на возрасни согласно усвоените критериуми за квалитет на установата/институцијата за образование на возрасни. Структурата на програмата треба да биде поделена во помали наставни целини или модули и да е во согласност со очекуваните образовни резултати од програмата и потребите на учесниците во програмата. Структурата на програмата треба да даде јасна слика на програмските целини или модули кои ќе бидат спроведени. Во модел програмата треба да се наведат и информации околу начинот на проверка на постигнатите резултати од учењето.

18) **План за проверка на постигнатите резултати од програмата.** Планирање на проверка на постигнатите образовни резултати од програмата е многу важен составен дел од посебната програма за образование на возрасни. Им се препорачува на установите/институциите активностите поврзани со проверка на образовните резултати од програмата да бидат интегрален дел од програмата и да се планираат по секоја поголема наставна целина (а доколку програмата е модуларна, по завршување на секој модул) за да се утврди напредувањето на учесниците во програмата и за да се утврдат постигнатите образовни резултати на крајот на програмата. Во модел програмата да се наведе кога/во кој дел од програмата е планирана проверка на наученото, кои техники ќе се користат, критериуми на проверка и начин на оценување, потребно планирано време за проверката изразено во минути. Проверката на постигнатите образовни резултати треба да им овозможи на учесниците во програмата доволно можности за успех, да им овозможи напредување и префрлање во друга програма или модул пред завршување на програмата.

19) **Употреба на стандарди на занимања.** Стандард на занимање е документ за определување на видот на занимањето, нивото и барањата на работата и потребните компетенции, знаења и вештини. Во модел програмата треба да се објасни каде при подготовка на програмата се употребувале стандарди на занимања (доколку се употребувале) и како тие соодветствуваат со содржината, планираните резултати и критериумите за проверка на постигнатите резултати од програмата. За дополнителни информации установите/институциите за образование на возрасни треба да се обратат во Центарот за стручно образование и обука, институција која е надлежна за подготовка на стандарди на занимања.

20) **Самоевалуација/внатрешна евалуација.** Самоевалуацијата се спроведува од страна на установата/институцијата која ја спроведува програмата и има за цел константно подобрување на квалитетот на програмите согласно потребите на учесниците. Самоевалуацијата треба да се спроведува континуирано и врз основа на критериумите дефинирани од страна на Центарот за образование на возрасни. Во модел програмата треба да се наведе какви мерки ќе се преземаат по добиените резултати од внатрешната евалуацијата.

21) **Наставен кадар**. Квалификациите и работното искуство на наставниот кадар треба да се соодветни со содржината, очекуваните образовни резултати на програмата, профилот на учесниците и формите и методите на спроведување на наставата. Според член 21 од Законот за образование на возрасни (Службен весник на Р Македонија бр.7/08).

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

UNDP
Unitet Nations Development Programme

Во модел програмата треба да се наведе бројот на наставниот кадар планиран за реализација на програмата, нивните квалификации, андрагошки квалификации, работно искуство, како и други должности и активности во установата/институцијата како и надвор од неа.

22) **Поддршка на учесниците**. На учесниците во програмата треба да им биде овозможена поддршка во согласност со програмите и процедурите за обезбедување квалитет на установата/институцијата за образование на возрасни. Поддршката на учесниците треба да им биде обезбедена преку квалификуван кадар и посебни мерки, како на пример: индивидуална или групна поддршка за одредени области и предмети, консултации и користење работилници надвор од процесот на настава, библиотека, користење компјутерска опрема и интернет и сл. Во формуларот треба да се наведе какви мерки и активности за поддршка се предвидени за учесниците во програмата.

23) **Опрема и наставни помагала.** Опремата и наставните помагала треба да се соодветни на бројот и профилот на учесниците, содржината на програмата, очекуваните образовни резултати од програмата, формите и методите на настава во реализацијата на програмата. Во формуларот треба да се наведе опремата и наставните помагала кои ќе им бидат на располагање на учесниците за време на реализацијата на програмата.

24) **Мерки за заштита и безбедност.** При спроведувањето на програмата треба да се спроведат мерки и активности за заштита и безбедност на учесниците во програмата во зависност од содржините на програмата. Во формуларот наведете ги планираните мерки за заштита и безбедност на учесниците на програмата.

25) **Финансирање на програмата.** Наведете ги изворите на финансирање на програмата. На пример, средства од државниот или од локалниот буџет, странски или домашни донатори, компании, учесниците или др.

26) **Други установи/институции.** Во формуларот наведете ги установите/институциите кои ќе бидат инволвирани во реализацијата на програмата, како и нивната улога во реализацијата на истата.

27) **Место на спроведување на програмата.** Наведете го/ги местото/местата и адресата каде ќе биде реализирана програмата.

28) **Изјава**. Со изјавата директорот

- ја потврдува точноста на информациите содржани во формуларот
- потврдува дека формуларот е пополнет согласно Прирачникот за верификација на посебни програми за образование на возрасни
- дека се исполнети сите потребни услови за реализација на програмата
- се согласува да се врши мониторинг од надлежните институции

29) **Име и презиме на директорот, потпис и печат на установата/институцијата**

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

# 6. Прилози

## 6.1. Прилог 1: Дефиниции на поими (според Законот за образование на возрасни на Република Македонија и терминологијата на CEDEFOP[1]):

| | |
|---|---|
| Верификација на образовни програми | Процес на осигурување на квалитетот преку доделување на верификација на образовна програма, која потврдува дека програмата е проверена од релевантни професионални институции според законски регулативи и ги исполнува дефинираните стандарди. |
| Доживотно учење | Сите образовни активности преземени во текот на животот кои резултираат со подобрување на знаењето, вештините, компетенциите и/или квалификациите за личен, социјален и професионален развој. |
| Информално образование | Учење кое резултира од секојдневни активности поврзани со работа, фамилија или слободно време. Не е организирано или структурирано во однос на цели, времетраење и поддршка во образовниот процес. Информалното учење во многу случаи е ненамерно од страна на учесникот. |
| Квалификација | Документ (обично наречен „сертификат“ или „диплома“) издаден од овластено тело кое потврдува дека индивидуата или ја завршила образовната програма или постигнала одредено ниво на компетенција во одредена струка. |
| Клучни компетенции | 1) Комуникација на мајчин јазик<br>2) Комуникација на странски јазици<br>3) Нумерички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата<br>4) Дигитални компетенции<br>5) Рационално учење<br>6) Социјални и граѓански компетенции<br>7) Претприемачки компетенции<br>8) Културна свест и изразување |

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

[1] CEDEFOP: European guidelines for validating non-formal and informal learning, Office for Official Publications of the European Communities, Luxembourg 2009

| | |
|---|---|
| Компетенција | Способност образовните резултати адекватно да се употребат во дефиниран контекст (образовен, на работно место, личен или професионален развој). |
| Настава на далечина | Образование или обука пренесено на далечина преку комуникациски медиуми: книги, радио, телевизија, телефон, кореспонденција, компјутер или видео. |
| Наставник во образование на возрасни | Лице кое има статус на наставник во образование на возрасни според законските регулативи и/или праксата во одредена земја. |
| Неформално образование | Образование кое вклучува планирани активности кои не се експлицитно означени како учење ( во однос на образовни цели, времетраење или поддршка при учење). Неформалното образование се случува со намера на учесникот во образованието. |
| Образование на возрасни | Целокупен спектар на образовни активности од областа на формално, неформално и информално образование, кои се преземени од страна на возрасни лица по пауза од напуштање на иницијалното образование и обука и кои резултираат со усвојување на нови знаења и вештини.<br><br>*Забелешка*: Ова го вклучува и високото универзитетско образование ако е почнато по пауза од завршување на иницијалното образование и обука. |
| Образовни резултати | Образовните резултати се искази со кои се изразува што учесникот треба да знае, разбира и/или да биде во состојба да демонстрира по завршување на програмата. |
| Обука на работно место | Стручна обука спроведена во нормална работна ситуација. Може да биде составена само од обука на работно место или комбинирана со обука која не се спроведува на работно место. |
| Обучувач во образование на возрасни | Лице кое работи со возрасни учесници на усвојување на практично знаење или вештини и чија експертиза не мора задолжително да е стекната преку формални квалификации. |
| Парцијални квалификации | Дел од квалификација која се стекнува со програми кои се организираат заради усовршување, дополнување, |

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

| | |
|---|---|
| Признавање на образовни резултати | Признавање на образовните резултати: Потврда од една релевантна институција или орган, дека биле утврдени образовните резултати (знаења, вештини и/или компетенции) кои едно лице ги стекнало во формален, неформален или информален контекст, според утврдените критериуми и дека ги исполнуваат поставените стандарди за признавање. Признавањето обично води кон сертификација. |
| Рамка на квалификации | Инструмент за развој и класификација на квалификации (на пр. на национално или секторско ниво) според критериуми (на пример употребувајќи дескриптори) применливи на одредени нивоа на образовни резултати. |
| Сертификат | Сертификат е документ со кој се потврдува завршувањето на одредена посебна програма за образование на возрасни. |
| Сертификација | Сертификација на образовните резултати: процес со кој формално се потврдува дека одредени образовни резултати (знаења, вештини и/или компетенции, кои ги стекнало едно лице се оценуваат и признаваат од надлежна институција според претходно утврдени стандарди. Сертификацијата води кон издавање сертификат, диплома или титула |
| Стандард на занимање | Стандард на занимање е документ за определување на видот на занимањето, нивото и барањата на работата и потребните компетенции, знаења и вештини. |
| Стручна квалификација | Работна, односно стручна оспособеност за извршување на одредено занимање или на дел од занимањето која се стекнува врз основа на верифицирани делови од образовна програма. |
| Стручно образование и обука | Образование и обука кои имаат за цел да им овозможат на луѓето знаење, вештини и/или компетенции потребни во одредено занимање или пошироко на пазарот на трудот. |
| Установа/институција за образование на возрасни | Организација или индивидуа која спроведува образовни активности за возрасни. |

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

| | |
|---|---|
| Учесник во образование на возрасни | Учесник е лице кое се вклучува во образовните програми за возрасните и претходно ги исполнило условите во поглед на претходното задолжително образование и други лица кои се образуваат, а немаат статус на ученик. |
| Формално образование | Образование кое се спороведува во организирана и структурирана средина (на пример во образовна или обучувачка институција или на работно место) и е експлицитно назначено како учење (во однос на целите, времетраењето и ресурсите). Формалното образование се случува со намера на учесникот и вообичаено води кон верификација и сертификација. |

## 6.2. Прилог 2: Модел на посебна програма за образование на возрасни на Центарот за образование на возрасните

Сите елементи од Моделот на посебната програма за образование на возрасни потребно е да бидат пополнети, со исклучок на оние кои се незадолжителни и се означени со знакот ѕвезда (*****).

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА УСТАНОВАТА/ИНСТИТУЦИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Датум на аплицирање** | | | |
| 2. | **Назив на установата/ институцијата за образование на возрасни** | | | |
| *3. | **Број на лиценцата на установата/институцијата за образование на возрасни** | | | |
| 4. | **Име и презиме на директорот** | | | |
| 5. | **Податоци за контакт** | Адреса:<br>Телефонски број:<br>Адреса на е-пошта: | | |

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | **Податоци за координаторот на програмата** | Име и презиме:<br>Работна позиција:<br>Квалификација:<br>Телефонски број:<br>Адреса на е-пошта: | | |
| **7.** | **Назив на програмата** | | | |
| **8.** | **Опис на програмата** | | | |
| **9.** | **Профил на учесникот на програмата** | | | |
| **10.** | **Планиран број на учесници во програмата** | | | |
| **11.** | **Цели на програмата** | | | |
| **12.** | **Резултати од програмата** | | | |
| **13.** | **Критериуми за влез во програмата** | | | |
| **14.** | **Времетраење на програмата** | | **Вкупен број часови** | |
| | | Теорија | | |
| | | Пракса | | |
| | | Оценување | | |
| | | Други информации:<br>Број на часови неделно:<br>Траење на програмата во месеци/години:<br>Дополнителни коментари: | | |

| 15. | Форми на спроведување на наставата | **Форми на спроведување** | **Забележи** | |
|---|---|---|---|---|
| | | Настава во училница/кабинет | | |
| | | Практична настава | | |
| | | Електронско учење | | |
| | | Настава на далечина | | |
| **16.** | **Методи во наставата** | **Методи** | **Забележи** | |
| | | Фронтална настава (предавање) | | |
| | | Дискусии во група | | |
| | | Практична настава во работилница/кабинет | | |
| | | Учење преку симулации Environment/Experience | | |
| | | Индивидуална настава | | |
| | | Самонасочено учење | | |
| | | Учење насочено кон решавање проблеми | | |
| | | Посети/студиски патувања | | |
| | | Обука на работно место | | |
| | | Друго (специфицирај): | | |

| 17. | **Структура на програмата** | Назив на модулот | Опис | Статус | Времетраење (часови) | Методи на оценување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Наведи ги модулите (предметите/ тематските целини) на програмата.** | | | Задолжителен<br>Изборен | | Усна проверка<br>Тестови<br>Колекција на сработеното<br>Писмена работа<br>Портфолио<br>Практична презентација<br>Друго |
| 18. | **Проверка на постигнатите резултати** | Период на оценување | Методи на оценување | | Критериуми за оценување | Времетраење на оценувањето (мин.) |
| | | | | | | |
| *19. | **Стандарди на занимања** | | | | | |

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

| | | |
|---|---|---|
| 20. | **Самоевалуација/ внатрешна евалуација** | Алатки/Методи (прашалници, дискусии, извештаи за спроведена евалуација)<br>Времетраење:<br>Дали планирате да спроведете одредени мерки врз основа на добиените резултати од евалуацијата: |
| 21. | **Наставен кадар** | |
| *22. | **Поддршка на учесниците** | |
| 23. | **Опрема и наставни помагала** | |
| *24. | **Мерки за заштита и безбедност** | |
| *25. | **Финансирање на програмата** | |

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme

| | | |
|---|---|---|
| *26. | Други установи/институции | |
| 27. | Место на спроведување | |
| 28. | Изјава | Јас долупотпишаниот/ата:<br>– ја потврдувам точноста на информациите содржани во формуларот<br>– потврдувам дека формуларот е пополнет согласно Прирачникот за верификација на посебни програми за образование на возрасни<br>– потврдувам дека се исполнети сите потребни услови за спроведување на програмата<br>– се согласувам да се врши мониторинг на спроведувањето на програмата од надлежните институции |
| 29. | Име и презиме на директорот<br><br>Потпис и печат на установата/ институцијата | |

ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ

Unitet Nations Development Programme